И8035

МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС, СКОПЈЕ
8.06.2001, бр. 820, 16.



АКТУЕЛНО

# Инспирација во живо

Јасна **ФРАНГОВСКА**

*Централното лого на четириесет и деветтото Венециско биенале, кое ќе биде свечено отворено утревечер, е „Плато на човештвото", а фокусот на овогодишната манифестација е ставен на етничките, религиозните и политичките конфликти во ерата на глобализацијата. Околу 350 уметници од 65 земји ќе ги претставаат своите креативни видувања на модерните конфликти во времето на речиси комплетното (политичко и културно) поврзување на светот, преку проектите претставени на Биеналето, престижно во уметничките кругови речиси исто толку колку и неговиот град-домаќин на светската туристичка мапа.*

*А, тоа за што на уметниците од светот им е потребна имагинација, нам, деновиве, ни се случува во живо. Зашто од акцентот врз „етничките, религиозните и политичките конфликти во ерата на глобализацијата", што организаторите на Венецискиот биенале ги одбраа како лајт-мотив на овогодишното издание на најстарата ликовна манифестација во светот, ние ги имаме само конфликтите. Глобализацијата им ја препуштивме на другите.*

*На почетокот на 21 век, кога светот почна да се соочува не само со предностите, туку и со опасностите од процесот на универзализација и глобализација, ние, наследниците на античките традиции, на крстосницатана светските цивилизации, по којзнае кој пат се најдовме во средиштето на реалните етнички, религиозни и политички конфликти, сè уште изживувајќи ги фрустрациите на 19 век, со сила втурнати во одамна надминатите војни за територии.*

*Затоа, вваквите манифестации, како и сè што ни се случува деновиве, длабоко ме депримираат, покажувајќи ми колку страшно и неотповикливо се оддалечуваме од тоа што треба да ни е блиско. Колку ни е сегашност тоа што на другите им е минато. И колку ни е проклето реално тоа што другите, со временска и идејна дистанца, веќе уметнички го третираат како далечна реминисценција.*

*Шумковски, вистина, е во Венеција, на „Платото на човештвото"? А, Македонија?*